**20181172271**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15,154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 26.6.2018 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2018 ГОДИНА**

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/18, 29/18 и 85/18), во член 2 став (2) во табелата во колоната „Поблиски критериуми и висина на дирекните плаќања“ во подмерката 1.7 по алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„- Висината на дирекните плаќања за корисниците кои имаат засадени површини со домати и се корисници од подмерката 1.5 на оваа уредба и имаат остварено и предадено производство во преработувачки капацитети директно или преку еден регистриран откупувач во период од 27 јуни 2018 година до 15 јули 2018 година изнесува 7 денари по килограм.“

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-6361/1
26 јуни 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.